# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА

**Број 8** **Среда, 20 Јули 2022** **Демир Капија**

**1442 Демир Капија, ул. 11 Октомври бб тел/факс: (+389 43) 364 100, e-mail: opstinadk@yahoo.com**

## С О Д Р Ж И Н А

1. *Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии......................................................*
2. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред...............................................................................*
3. *Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година...............................................................................................*
4. *Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2022 година.........................................................................................................................................................*
5. *Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти..........................................................................................................................................................*
6. *Решение за именување и разрешување на член во Управниот одбор на општинската установа Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија..................................................................*
7. *Заклучок за симнување на точка од дневен ред...............................................................................*
8. *Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија ..................................*
9. *Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2022 година........................................................................................*
10. *Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2022/2023 година.............................................................................................*
11. *Решение за одобрување на финансиски средства.........................................................................*
12. *Решение за одобрување финансиски средства на Црква "Свети Ѓорѓи" с.Копришница............*
13. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.................................................................*
14. *Решение за одобрување еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани СТЕНА-СТЕНАЕ Демир Капија..............................................................................................................................*
15. *Решение за одобрување на еднократна парична помош.................................................................*
16. *Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија...................................................................................................................................................*

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии**

Се објавува Правилник за заштита и спасување од пожари и експлозии, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/1
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 75 став 2 од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/ 08, 124/10 и 18/11 , 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), и член 2 од Упатството за содржината на Правилникот за заштита од пожари и експлозии (Сл.весник на РМ бр.80/2011) а по добиената Согласност бр. 09/3–86/2 од 12.07.2022 година од Подрачното одделение на Дирекцијата за заштита и спасување – Неготино, Советот на општина Демир Капија на седница одржана на ден 19.07.2022 година донесе

П Р А В И Л Н И К
За заштита и спасување од пожари и експлозии

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со цел да се отстранат опасностите од пожари и експлозии и спасат вработените и имотот на општина Демир Капија (општинската зграда), се донесува Правилник за заштита од пожари и експлозии

Со овој Правилник се регулира:

1. Организационата, функционалната и просторната поставеност на општината Демир Капија што го донесува Правилникот;
2. Мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии со кои се отстранува односно намалува опасноста од пожари и експлозии, согласно со условите на функционирањето на општина Демир Капија;
3. Начин на запознавање на вработените во општината Демир Капија со опасностите од пожари и експлозии сврзани со соодветното работно место при стапувањето на работа и при распоредувањето од едно на друго работно место;
4. Начинот на обучување на вработените во учество во гасење на пожари и ракувањето со уредите, техничката опрема и средства за гаснење на пожари;
5. Распоредот и времето на испитување на исправноста на уредите, техничката опрема и средствата за гаснење нап ожари во општинските простории.

● ***Организациона, функционална и просторната поставеност на општината Демир Капија***

Член 2
Општината е единица на локалната самоуправа чија надлежност се збир на работи од јавен интерес од локално значење која преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби овозможува вршење на надлежностите пропишани со закон.

● ***Мерки за заштита и спасување од пожари и експлозии***

Член 3
Во општината се спроведуваат мерките за заштита од пожари и експлозии, согласно условите за функционирање.

Член 4
Вработените во општината се должни да спроведуваат мерки за заштита од пожари и експлозии вршејќи ги работните задачи

Член 5
Вработените се должни да се придржуваат кон одредбите на овој Правилник, како и предупредувањата кои

се напишани и истакнати на видни места во просториите на општината

Член 6

Мерките за заштита пропишани со овој Правилник и други акти од оваа област ги спроведуваат вработените во општината како и други лица кои ќе се најдат во просториите на општината

Член 7

За унапредување и спроведување на мерките за заштита од пожари и експлозии во границите на своите надлежности одговорни се:

1. Градоначалникот;
2. Раководителите на сектори;
3. Одговорното лице со посебни овлатувања;
4. Вработените во општината.

Градоначалникот на општината Демир Капија најмалку еднаш годишно расправа за состојбите и проблемите поврзани со заштитата од пожари и експлозии во единицата на локалната самоуправа.

Член 8

Вработените се должни да го контролираат складирањето на запаливи материи и начинот на манипулирање со запаливи експлозивни материи, исправноста и употребливоста на ПП апаратите, ПП опремата, правилната распореденост и застапеноста на ПП апаратите, исправноста на хидрантите и нивната опременост, исправноста на громобранската инсталација, и да ги предупредат надлежните и одговорните лица за воочените неправилности.

Член 9

За време на работата, доколку на работното место и во непосредната околина е загрозена сигурноста на вработениот во општината заради неспроведени мерки на заштита од пожар, вработениот има право да бара тие мерки неодложно да се спроведат, во спротивно, има право да одбива да работи на работното место се дотогаш додека му се заканува непосредна опасност од пожар или експлозија.

<u>Одговорно лице за заштита од пожар и експозии</u>

Член 10

Одговорното лице за заштита од пожари и експлозии при вршење на работните задачи ги има следните должности:

1. Ги следи превентивните мерки за заштита од пожари и експлозии утврдени со закон и други прописи и овој Правилник;

2. Одговорното лице превзема потребни мерки и ги применува да не дојде до до појава на пожари и експлозии и загрозување на животите на вработените;

3. Се грижи за бројот, исправноста и разместувањето на ПП апаратите, хидрантската и друга опрема, поправка, замена, сервисирање и слично;

4. Се грижи за припремањето на општите акти од областа заштитата од пожари и експлозии;

5. Се грижи за работата и обученоста на вработените за ПП заштита:

6. Во случај на појава на пожар непосредно учествува во откривање на причините за појавата на пожарот;

7. Ги следи прописите од областа на заштитата од пожари и експлозии;

8. Води потребна евиденција од областа на заштитатата од пожари и експлозии;

9. Во случај на воочување на одредени недостатоци поради кои постои опасност од избувнување на пожар, го известува претпоставениот;

10. Одговорното лице за заштита од пожари има соодветна стручна помош од ова област.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА ОРГАНИТЕ ВО ОПШТИНАТА

<u>Раководни лица</u>

Член 11

Раководното лице при вршењето на работите од областа на заштита од пожари и експлозии ги има следните права и должности:

1. Во случај на одредени отстапувања или недостатоци, должен е да превземе мерки за отстранување на недостатоците;

2. Му предлага на Градоначалникот разгледување на поодделни прашања од заштита од пожари и експлозии и превземање на потребни мерки за нивно решавање;

3. Се залага за навремено донесување и ажурирање на Планот за заштита од пожари и експлозии како и други акти од ова област;

4. Навремено и прописно ги отстранува утврдените недостатоци;

5. Навремено и прописно врши набавка на средства и опрема за гасење на пожари, нивна употеба и одржување;

6. Ги информира вработените во општината за состојбите, мерките и средствата што се превземаат за спроведувањето и унапредувањето на заштитата од пожари и експлозии.

Права и обврски на вработените во општината

Член 12

Вработените во општината се носители на работите и задачите, односно општите и посебните мерки за заштита на луѓето и имотот во склад со Законот за заштита и спасување, со овој Правилник и другите акти на општината, а особено:

1. Да организираат заштита на сите вредности со кои располагаат и сигурност на имотот од пожари;

2. Се придржуваат кон сите мерки за заштита од пожари и експлозии;

3. Да бараат помош од органите, организациите и лицата кои што ова помош можат или мораат да ја дадат и да им укажат помош во склад со своите можности, а посебно во гасење на пожар и спречување на негово ширење;

4. Да бидат навреме известени за појавите на загрозување на луѓето и имотот, со мерките и задачите кои се превземени за отстранување на последиците;

5. Да се оспособат и вршат проверка на знаењата за непосредна примена на мерките за заштита, отстранување, како и нивните последици;

6. Да има непречен пристап до работните места за непречена употреба на средства за гасење на пожар и други заштитни средства за отстранување на последиците;

7. Да користат средства и опрема за лична заштита;

8. Да пријават пожар и да учествуваат во гасење на истиот на начин пропишан во овој Правилник и во други акти на општината;

9. Да ја чуваат опремата и средствата за противпожарна заштита;

10. Да работат подолго од работното време во случај на пожар, односно кога од превентивни причини треба да се превземат одредени мерки за спречување на пожар.

- ***Начин на запознавање на вработените во општината Демир Капија со опасностите од пожари и експлозии***

Член 13

Од страна на одговорното лице за заштита од пожари и експлозии или од страна на другите одговорни лица во општината Демир Капија се врши запознавање на вработените со опасностите од пожари и експлозии на работното место и за начинот на постапка за спречување на настанување на пожари и експлозии.

Член 14

Секој вработен во општината кој ќе забележи пожар должен е да го изгаси ако тоа може да го стори без опасност за себе или некој друг, а во случај кога вработениот не може сам да го изгаси пожарот должен е да ја извести ТПП единица од Неготино на тел. 193, или ДПД Демир Капија.

Член15

Кога се работи за пожар од поголеми размери кој не може да се изгаси со сопствени сили раководителот или од него овластено лице бараат помош од ТПП Неготино, а како помош на оваа професионална ПП единица во даден момент може да се вклучи и ДПД Демир Капија.

Член16

По доаѓањето на противпожарната единица, вработените под раководство на раководителот должни се да се стават на располагање на противпожарната единица и да ги извршуваат нивните наредби, односно да учествуваат во гаснење на пожарот и спасување на имотот и лицата загрозени од пожарот.

Член 17

По дознавањето за настанатиот пожар ПП единицата ги превзема следните мерки:

1. Дава знак за тревога;

2. По утврдување на првичната состојба на пожарот се упатуваат луѓето и опремата на местото на настанот;

3. По пристигање на ПП единицата на местото на пожарот, раководителот на акцијата за гасење на пожарот врши процена на ситуацијата, донесува одлука за начинот на спасување на луѓето и имотот, видот на ПП опремата и средствата за гасење на п ожарот.

Член 18

За настанатиот пожар се известува МВР ПС Неготино, директно или преку ПК Демир Капија, и другите релевантни субјекти. После давањето на знак за тревога забранета е употреба на телефон освен за најитни разговори кои се во врска со настанатиот пожар.

Член 19

Вработениот во општината доколку во моментот на избувнување на пожарот не се наоѓа во просториите на општината, должен е веднаш по дознавањето за избувнувањето на пожарот да дојде во работните простории и да учествува во гаснењето на пожарот и отстранувањето на последиците.

Член 20

Гасењето на пожарот и спасувањето на луѓето и имотот се врши се додека пожарот не се изгасне во целост или раководителот на пожарот не ја прекине акцијата.

Член 21

Доколку постои опасност од повторно избивање на пожар раководителот на акцијата ќе одреди противпожарна стража со потребен број на пожарникари, средства и опрема на местото на пожарот.

● ***Начин на обучување на вработените во општината Демир Капија за учество во гасење на пожари, ракување со уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари***

Член 22

Општината Демир Капија ги оспособува вработените и ги запознава со опасностите од пожари и експлозии, и во текот на работата се грижи за нивна обука.

Член 23

Обуката на вработените од обласа на заштита од пожари и експлозии се состои од теоретски и практичен дел.Обуката се врши на сите категории на вработени и на сите работни задачи во општината.

Член 24

Содржината на програмата за обука на вработените опфаќа:

1. Опасностите од пожари, општи и посебни кои што може да ги загрозат вработените и имотот;

2. Права и обврски на вработените во општината;

3. Организација на заштита од пожари и експлозии;

4. Опрема и средства за гасење на пожари;

5. Правила за спасување на луѓе, дојава и гасење нап ожари.

Член 25

Содржината на опремата за обука на вработените од обласа на заштита од пожари и експлозии се утврдува:

1. На основа на непосредно запознавање на изворите на заштита од пожари;

2. Врз основа на технички и други документации.

Член 26

Програмата за обука се темели врз основа на организационата и кадровската состојба во општината. При секоја промена на процесот на работењето како и промена на прописите за заштита од пожари и експлозии, потребно е да се врши и промена на програмата за обука на вработените.

Член 27

Програмата за обука и нејзините измени и дополнувања ги изработува заедничката стручна служба на општината, а конечно ги утврдува комисијата за заштита од пожари и експлозии.

На изработка на програмата за обука по потреба може да се ангажираат и надворешни соработници.

Член 28

Со програмата се утврдува содржината на секое работно место, потребната литература, потребното време за слушање и ако е обуката од семинарски тип и постапките кои се во склад со Правилникот за заштита од пожари и експлозии.

Член 29

Проверка на стекнатите знаења по извршената обука од областа на заштитата од пожари и експлозии е по Програмата за обука. Тестовите ги составува посебна комисија.

Член 30

Проверка на практичната оспособеност на вработените во општината ја врши непосредниот раководител кој што ја вршел обуката на вработените или овластено лице.

Член 31

Проверка на практичната и теоретската обука се врши на новопримените службеници и оние кои се прераспоредени. Лицето кое ќе покаже недоволно знаење и оспособеност ќе се обучува и понатаму.

Член 32

За извршената обука, односно проверка на оспособеноста се води посебна евиденција во која се внесени потребните податоци со доказ за извршената обука на вработените.

***● Распоред и време на испитување на уредите, техничката опрема и средствата за гасење на пожари во општината Демир Капија***

Член 33

За успешно извршување на задачите за заштита од пожари и заштитан а луѓето и имотот, со Правилникот се пропишува и минимална техничка опрема и средства за гасење на пожари, а предвидени со законските прописи и планот за заштита од пожари во локалната самоуправа Демир Капија.

*Прилог бр. 1* – Преглед на ПП уреди, инсталации, опрема, апарати.

| Ред.бр. | ПП апарати /рачни и преносни/,инсталации | Вид | Количина(број) |
|---|---|---|---|
| 1 | ПП апарат | С-9 | 2 |
| 2 | ПП апарат | С-6 | 2 |
| 3 | ПП апарат | С-2 | 2 |
| 4 | Хидрантски приклучок | натрешен, иден Ø 2г | 2 |

Член 34

За одржување на ПП средствата и ПП опремата се грижат сите вработени во општината, и секој поединец задолжен со оваа опрема.

Член 35

Средствата за гасење на пожар мора да се наоѓаат на пристапни, видни и означени места т.н. ПП пунктови, во просториите на објектот и надвор од него и секогаш во исправна состојба. Апаратите за гасење на пожари мораат да се контролираат согласно упатството на производителот, а најмалку еднаш годишно. Сервисирањето и контролирањето на апаратите за гасење на пожари ги врши овластена служба – сервисер.

ОДГОВОРНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА НЕПРИДРЖУВАЊЕ КОН ПРОПИШАНИТЕ МЕРКИ

Член 36

Вработениот во општината кој во делокругот на работата не ги исполнува задачите и обврските во врска со заштита од пожари и експлозии и физичкото обезбедување на имотот прави техничка повреда на работните обврски.

Член 37

Вработениот во општината кој поради непридржување кон мерките за заштита

од пожари и експлозии намерно или од невнимание предизвика материјална штета, должен е да ја надокнати настанатата штета.

Непосредниот раководител штом дознае дека вработениот со непридржување кон пропишаните мерки за заштита од пожари и експлозии стори кривично дело, должен е да го извести Секторот за општи и правни работи и Градоначалникот на општината.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 38
Овој Правилник за заштита од пожари и експлозии мора да биде умножен во доволен број на примероци и да се подели на одговорните лица и вработените во општината.

Член 39
Кршењето на одредбите од Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/ 08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 106/16 и 83/18), и („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21),) и на овој Правилник повлекува дисциплинска и материјална одговорност.

Член 40
Во колку одредбите од овој Правилник станат спротивни на новодонесените законски прописи, во тој случај ќе се применат нормите од новодонесените законски прописи.

Член 41
Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат на начин и постапка како и за негово донесување.

Член 42
Со стапувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за заштита од пожари и експлозии бр. 08-565/5 од 08.07.2015 година донесен од Советот на општина Демир Капија.

Член 43
Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Советот на општина Демир Капија.

Број 08 – 550/3
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/2
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на 19.07.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 2 "Предлог-Програма за заштита од штетното дејство на водите за подрачјето на Општина Демир Капија за 2022 година''.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/4
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Се објавува Програма за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/3 Градоначалник на
20.07.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02) и член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/2020), Советот на Општина Демир Капија на седницата одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година**

Член 1

Со оваа програма се врши измена и дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година (Сл.гласник на Општина Демир Капија бр.13/2021).

Член 2

Во програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Демир Капија за 2022 година,

1. Во глава **V. ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ** се додаваат тринаесет нови точки:

**20. Урбанистички проект за стопански и индустриски намени на КП 5194/1, КП 5194/2, КП 5194/3 и КП 5194/4, КО Демир Капија, Општина Демир Капија**

**21. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 883, дел од КП 884, дел од КП 880, дел од КП 881 и дел од КП 895, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**22. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 883, дел од КП 884, дел од КП 880 и дел од КП 881, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**23. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 883, дел од КП 884, дел од КП 880, дел од КП 895 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**24. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани и Е1.1-локални патишта, на КП 885, КП 886, дел од КП 881, дел од КП 882 и дел од КП 883, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**25. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 881, дел од КП 882 и дел од КП 883, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**26. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на две градежни парцели ГП1 и ГП1.1 со основна класа на намена Е1.13 – Површински соларни фотоволтаични електрани и Е1.1 – локални патишта, на дел од КП 898, дел од КП 899, дел од КП**

**903/1 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**27. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП2 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 898, дел од КП 899, дел од КП 903/1 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**28. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП3 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 898, дел од КП 903/1, и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**29. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП5 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900, дел од КП 903/1, дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**30. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП4 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 1022 и дел од КП 1023, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**31. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП6 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

**32. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела ГП7 со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;**

Член 3

Програмата влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Демир Капија.

Број 08 – 550/5
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2022 година**

Се објавува Решение за давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/4
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 20-б став 11 од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на Република Македонија“бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19 и 14/20), Советот на Општина Демир Капија на 11-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Измена на Годишен план за вработување во 2022 година**

**1.** Советот на Општина Демир Капија дава Согласност на Измена на Годишниот план за вработување во 2022 година во

општинската администрација на општина Демир Капија, изготвен врз основа на Методологијата за планирање на вработувањата во јавниот сектор согласно со начелото за соодветна и правична застапеност, како и формата, содржината и образецот на годишниот план за вработување и извештајот за реализација на годишниот план за вработување.

Измената на Годишниот план за вработување во 2022 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

**2**. Измената на Годишниот план за вработување во 2022 година се доставува на мислење до надлежното Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

**3**.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/6
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**

Се објавува Решение за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/5
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 32 став 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02) а во согласност со член 3 од Одлуката за утврдување начин на стипендирање на талентирани ученици и студенти во Општина Демир Капија („Службен гласник на Општина Демир Капија" бр.07/22) Советот на Општина Демир Капија на 11-та седница одржана на 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти**

**1** . За членови на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти во општина Демир Капија, се именуваат:
1. **Панче Лазаров**, член на Совет,
2. **Ефран Усинов**, член на Совет,
3. **Јулијана Гацева,** општинска администрација
4. **Евгенија Ѓорѓиев**, општинска администрација
5. **Роска Ковацалиева** , претставник на ООУ"Димче А.Габерот"Демир Капија

**2**. Мандатот на членовите на Комисијата трае до истекот на мандатот на членовите на Советот.

**3.** Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/7
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за именување и разрешување на член во Управниот одбор на општинската установа Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија**

Се објавува Решение за именување и разрешување на член во Управниот одбор на општинската установа

Дом на култура "Мирка Гинова" Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/6 Градоначалник на
20.07.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“бр.5/02), а во врска со член 35 став 2 и член 38 од Законот за култура (“Службен весник на „Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), Советот на општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување и разрешување на член во Управниот одбор на општинската установа Дом на култура “Мирка Гинова“ Демир Капија**

1. Од член во управен одбор на ОУ Дом на култура“Мирка Гинова“ Демир Капија, се разрешува:
   - Мартин Ефтимов

2. За член во управен одбор на ОУ Дом на култура“Мирка Гинова“ Демир Капија, се именува:
   - Крсте Мелов.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Демир Капија“.

Број 08 – 550/8 Претседател на Совет на
19.07.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за симнување на точка од дневен ред**

Се објавува Заклучок за симнување на точка од дневен ред, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/7 Градоначалник на
20.07.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на 19.07.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
за симнување на точка од дневен ред

1. Советот на Општина Демир Капија ја симнува од дневен ред точката 7 "Предлог-Решение за давање согласност на Годишен план за вработување во 2023 година на ЈОУДГ "Борис Трајковски" Демир Капија".

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/9 Претседател на Совет на
19.07.2022 година Општина Демир Капија,
Демир Капија Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија**

Се објавува Решение за разрешување и именување на член на

Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/8
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" број 5/2002) а во врска со член 114 став 13 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на Република Македонија" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21 и 150/22), Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

За разрешување и именување на член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија

**1.** Од должноста член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија се **разрешува:**

**- Александар Пандов -** претставник на основачот

**2.** За член на Управниот одбор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка БОРИС ТРАЈКОВСКИ Демир Капија, до истек на мандат се **именува:**

**- Маја Пандова -** претставник на основачот

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/10
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2022 година**

Се објавува Заклучок за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2022 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/9
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02) и член 32 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 53/21, 77/21 и 150/21), Советот на општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Демир Капија за вториот квартал 2022 година**

1. Советот на општина Демир Капија го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на општина Демир Капија за вториот квартален период 2022 година.

2. Кварталниот извештај е составен дел од овој Заклучок.

3. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/11
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2022/2023 година**

Се објавува Заклучок за донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/10
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став (1) точка (6) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002) и член 49 став (8) од Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20), Советот на Општина Демир Капија на XI седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За донесување на Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2022/2023 година**

**1.** Се донесува Годишна програма за работа на ООУ "Димче А.Габерот" Демир Капија за учебната 2022/2023 година, предложена од Училишниот одбор на училиштето на седницата одржана на ден 30.06.2022 година.

**2.** Овој заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија".

Број 08 – 550/12
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на финансиски средства**

Се објавува Решение за одобрување на финансиски средства, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/11
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), постапувајќи по барањето бр.08-316/1 од 19.04.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на финансиски средства**

**1.** Советот на Општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** финансиски средства во висина од **30.000,00 (триесет илјади) денари** за изградба на дел од просторија на манастирче Св.Магдалена во с.Клисура.

**2.** Одобрените средства ќе бидат употребени за набавка на градежен материјал и истите ќе исплатени на сметка 200003894305455 на МПЦ-Успение на

Пресвета Богородица – Демир Капија од Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година ставка 464 990 со цел на дознака: за изградба на манастирче Св.Магдалена и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/13
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на Црква "Свети Ѓорѓи" с.Копришница**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на Црква "Свети Ѓорѓи" с.Копришница, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/12
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на Црква "Свети Ѓорѓи" с.Копришница**

**1.** Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства на Црковен одбор на Црква “Свети Ѓорѓи“ с.Копришница во висина од **7.000,00 (седум илјади) денари**, за организирање на празникот Ѓурѓовден.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на сметка 200003894305455 на МПЦ-Успение на Пресвета Богородица – Демир Капија од Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година ставка 464 990 со цел на дознака: за црква Св.Ѓорѓи с.Копришница и истите наменски да се искористат.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/14
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување на еднократна парична помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/13
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 2 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-430/1 од 26.05.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **30.000,00 (триесет илјади) денари** на лицето **ДИМЧЕ ДАМАТОВ** од Демир Капија ул.Радњанска бр.65, заради елементарна непогода - пожар.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 210-5016135125.02 на лицето Димче Даматов од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/15
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани СТЕНА – СТЕНАЕ Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани СТЕНА – СТЕНАЕ Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/14
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02) и Правилникот за определување на критериуми за доделување на финансиска помош, на здруженија на граѓани, фондации и асоцијации од буџетот на општина Демир Капија бр.08-652/15 од 30.07.2018 година, Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување еднократна финансиска помош на Здружение на граѓани СТЕНА – СТЕНАЕ Демир Капија**

**1.** По барање на Здружението на граѓани СТЕНА - СТЕНАЕ Демир Капија, Советот на Општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **18.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија, Програма А00 подставка 463 110– трансфери до здруженија на граѓани и фондации, на сметка 210074672900138 на Здружението.

**3.** Здружението на граѓани СТЕНА – СТЕНАЕ Демир Капија да достави извештај до советот за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/16
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за одобрување на еднократна парична помош**

Се објавува Решение за одобрување еднократна помош, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/15
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 1 точка 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош, доделување на финансиски средства на граѓани и на здруженија на граѓани бр.07-90/9 од 04.02.2010 година, постапувајќи по барањето бр.08-540/1 од 08.07.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување на еднократна парична помош**

**1.** Советот на општина Демир Капија, **ОДОБРУВА** еднократна парична помош во износ од **15.000,00 (петнаесет илјади) денари** на лицето **ИЛИЈА АГУШЕВ** од Демир Капија ул.Даме Груев бр.46, заради лекување во земјата.

**2.** Одобрените средства ќе бидат исплатени на жиро сметка 300047113590288 на лицето Илија Агушев од Буџетот на општина Демир Капија ставка 471 - социјални надоместоци, потставка 471 160 – еднократна парична помош.

**3.** Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/17
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

Се објавува Решение за одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, што Советот на Општина Демир Капија го донесе на седницата одржана на 19.07.2022 година.

Број 09 –583/16
20.07.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02), постапувајќи по барањето бр.03-73/1 од 05.07.2022 година, Советот на Општина Демир Капија на XI-та седница одржана на ден 19.07.2022 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За одобрување финансиски средства на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија**

**1.** По барање на ОУ Дом на култура МИРКА ГИНОВА Демир Капија, Советот на општина Демир Капија ОДОБРУВА финансиски средства во износ од **100.000,00 денари**.

**2.** Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Демир Капија за 2022 година, подставка 463 990 – други трансфери, и истите да бидат наменски искористени за организирање на Фестивал "Без рамка".

**3.** До советот да достави извештај за тоа каде се потрошени доделените средства.

**4.** Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе биде објавено во „Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 550/18
19.07.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---